08-7810/2
16 -11- 2022

Врз основа на член 22 став 1 и член 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 77-та седница одржана на 14.11.2022 година ја донесе следната

**Одлука**

Пријавата заведена во ДКСК со број 08-7810/1 од 16.08.2022 година СЕ ОТФРЛА.
За лицето кое е наведено во пријавата, ДКСК постапува по друг предмет заведен со број 08-4419.

Предметот со број 08-7810/1 од 16.08.2022 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот број 08-7810/1 од 16.08.2022 година е оформен по пријава од познат подносител со наводи за нецелосно пријавен имот на -----------------. директор на Управата за ------------------ во Министерството за -------------------------.

По извршениот увид во својата архива, ДКСК констатира дека за истото лице, по основ на истите наводи, ДКСК веќе има оформен предмет за проверка на имотната состојба на лицето ---------------------- на членовите на неговото семејство под број 08-4419. Доставените докази да се приложат кон отворениот предмет.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**